**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за локален економски развој**

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, Декември 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на____ седница одржана на________________ година, донесе

**ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА
НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

## I.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Со оваа Програма се утврдуваат активностите од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2025 година.
Програмата за локален економски развој се изготвува со цел остварување на надлежностите на Град Скопје во делот на локалниот економски развој.
Спроведувањето на активностите од областа на локалниот економски развој произлегува од надлежности кои се утврдени во конкретните правни прописи и тоа: Законот за занаетчиство, Законот за угостителската дејност, Законот за такса за привремен престој, Закон за туристичката дејност.

## II.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активности во надлежност на Град Скопје од областа на локалниот економски развој, што ќе се реализираат во текот на 2025 година на подрачјето на град Скопје, и тоа:

- Планирање на локалниот економски развој;
- Активности и мерки за водење на локална економска политика;
- Развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации;
- Креирање на мерки за поддршка на занаетчиството, трговијата, туризмот и угостителството.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ПРОГРАМАТА

1. **Развој, промоција, поддршка и унапредување на малите и средни претпријатија, претприемништвото и иновациите**
2. **Развој, промоција, поддршка и унапредување на занаетчиството и трговијата**
3. **Развој, промоција, поддршка и унапредување на туризмот и угостителството**

## IV.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

*Средствата за финансирање на Програмата се утврдуваат во износ од **9.650.000,00 (деветмилиониишестотиниипедесетилјади) денари** и се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2025 година.*

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - 1**

**Општа цел:**

- ***<u>Развој, промоција, поддршка и унапредување на малите и средни претпријатија, претприемништвото и иновациите на подрачјето на град Скопје</u>***

**Специфични цели:**

- Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации;
- Вмрежување на барателите на работни места со креаторите ( работодавачи) на работни места;
- Креирање на работна сила со вештини за задоволување на потребите на бизнис секторот со соодветен и стручен кадар;
- Градење на институционална мрежа помеѓу јавниот и приватниот сектор**;**
- Промовирање на градот Скопје како поволна инвестициска дестинација за привлекување на домашни и странски инвеститори;
- Општествено и економско зајакнување на жените претприемачи.

**<u>Планирани активности за реализирање на приоритетна област 1:</u>**

1. **Финансирање на проекти за поддршка и развој на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје за 2025 година**

Преку објава на јавен повик ќе се овозможи финансиска поддршка за развој на малите и средни претпријатија, претприемништвото и иновациите на подрачјето на град Скопје за 2025 година, која ќе биде во насока на организирање на настани, обуки и промотивни кампањи, се со цел поддршка и развој на МСП на локално ниво, и тоа во насока на родовата еднаквост, родовото сензитивно буџетирање и локалниот економски развој на градот.

2. **Кофинансирање на локални партнерства за вработување (Саем на претприемништво)**

За реализација на оваа активност ќе се овозможи вмрежување на барателите на работни места со креаторите (работодавачи) заради креирање на работна сила со вештини за задоволување на потребите на бизнис секторот со соодветен и стручен кадар и можност за нивно понатамошно вработување, преку мултисекторска соработка, зголемен проток на информации, градење на институционална мрежа и поврзување на сите партнери вклучени во активноста.

Активноста ќе се спроведе преку кофинансирачко учество во проект во соработка со Меѓународната организација за труд.

3. **Организирање на деловен форум за промоција на Скопје како инвестициска дестинација**

За реализација на овој проект преку Јавен повик ќе се избере организатор на деловниот форум со што ќе се организира еднодневен настан - Форум на инвеститори, со цел креирање на локални политики за промовирање на град Скопје како атрактивна инвестициска дестинација за привлекување на домашни и странски инвеститори.

Оваа активност ќе се реализира во соработка со националните стопански комори и други релевантни институции.

**4. Финансирање на проектни активности за поддршка на женско претприемништво на Град Скопје**

Со цел општествено и економско зајакнување на жените и нивна финансиска независност, преку Јавен повик ќе се финансираат проектни активности за поддршка на женското претприемништво и поттикнување на актуелните и потенцијални жени претприемачи во градот Скопје, но и отпочнување на нови бизниси.

**Вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на приоритетната област 1 изнесува 1.300.000,00 (еденмилионитристаилјади) денари, односно активностите од точка 1, се предвидени средства Програма Г1, ставка 426 во износ од 500.000,00 денари, активностите од точка 2, се предвидени средства во Програма Г1, ставка 464 во износ од 100.000,00 денари, активностите од точка 3, се предвидени средства во Програма Г1, ставка 464 во износ од 200.000,00 денари и активностите од точка 4, се предвидени средства во Програма Г1, ставка 464 во износ од 500.000,00 денари.**

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - 2

**Општа цел**

- ***Развој, промоција, поддршка и унапредување на занаетчиството и трговијата на подрачјето на град Скопје***

**Специфични цели:**

- Развој и унапредување на трговијата и занаетчиството;
- Промоција на занаетчиството и спецификите на традиционалните занаети во Скопскиот регион;
- Стимулирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање;
- Реализација на активности и проекти предвидени во Стратегијата за негување и развој на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во Град Скопје за период 2024- 2027 година.
- Дефинирање на правен статус на корисниците на тезги и киосци на Плоштад „Македонија”, Плоштад „Филип Втори” и Кеј „13 Ноември”;

**Планирани активности за реализирање на приоритетна област 2**

1. **Финансирање на настани и манифестации од областа на занаетчиството и трговијата, од интерес на Град Скопје за 2025 година**

За поттикнување на развојот на оваа приоритетна област се организираат манифестации, фестивали и настани со богата и разновидна програма, збогатена со квалитетна музика и гастрономска понуда, преку објава на Јавни повици.

Преку реализација на настаните и манифестациите ќе се поттикне промоција, поддршка, унапредување и одржлив развој на занаетчиството и трговијата во Град Скопје, како и развој на традиционални занаети, следење на современите текови и примената на модерните технологии во овие стопански гранки, но и туристичка промоција. Преку низа манифестации ќе се овозможи сондирање на квалитетот на давање на нивните услуги во трговијата во повеќе дејности на ниво на Град Скопје, промоција на трајни вредности на Скопје како град кој е атрактивен, како за домашни така и за странски туристи во кој традиционалната и културна компонента го надополнуваат изразот – модерен град.

Воедно, преку реализација на настаните и манифестациите ќе се овозможи развој, унапредување, и промоција на македонските производители на вина и пиво, презентирање на нашето културно наследство и традицијата, привлекување на што поголем број на странски и домашни туристи, размена на бизнис идеи, пробивање на македонските сортни вина на странските пазари.

За реализација на активноста ќе се реализираат следните настани и манифестации:

- “**Ден на филигранство”** - на оваа манифестација ќе се презентираат многубројни изработувачи на накит, рачно изработен филигран, накит од монистра, полудраги и драги камења, кои преставуваат спој на традиционалното и современото, со цел промоција на занаетчиството, особено филигранскиот занает;

**- “Фестивал Ритам на чаршијата”** - овој фестивал ќе понуди забава со богата музичка содржина, со учество на културно-уметнички друштва, изведувачи од сите етнички заедници (македонски, албански, ромски, турски, влашки...), како и презентација и продажба на ракотворби, уметнички креации, со цел преку настани и промоција да се поттикне заживување на Старата Скопска Чаршија;

**- “Месец на трговијата во Град Скопје”** – оваа традиционална манифестација е можност за следење на современите текови и примена на модерните технологии во областа на трговијата, како и можност за сондирање на квалитетот на услугите во трговијата во повеќе дејности, за стимулирање на трговците за подобра услуга, снабдување со квалитетна стока за продажба, како и постигнување на атрактивни цени на производите, со цел стимулирање на трговците за подобра услуга;

**- “Фестивал Скопје тајмлес” (Skopje timeless)** – овој фестивал ќе го промовира градот Скопје како безвремен, Град на солидарноста и град со трајни вредности, преку негувањето на обичаите, традицијата и

мултиетничкиот начин на живот, со цел промовирање на сите овие трајни вредности на Скопје;

- **"Фестивал на виното"** - е традиционална манифестација за промоција на вино-производството на квалитетни, сортни и брендирани македонски вина и афирмација на скопскиот вински регион и презентација на долгогодишното вино-производство преку дегустација на вино и храна, пропратено со културно-забавна програма, со цел привлекување на странски туристи и пробивање на македонските сортни вина на странските пазари;

- **"Фестивал на пивото" –** на оваа традиционална манифестација ќе се оствари промоција и презентација на повеќе пиво-производители, увозници на пиво и ресторани, пропратено со културно-забавна програма;

- **"Фестивал Модерно Скопје" –** оваа манифестација ќе го промовира градот во кој ќе се истакнат занаетчиските, креативните и културните потенцијали во која традиционалната и културната компонента го надополнуваат изразот - модерен град. Овој фестивал ја надополнува програмата за промоција на градот Скопје како европска престолнина на културата 2028**;**

**2. Субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје**

Со оваа активност ќе се субвенционираат дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на град Скопје кои бележат намалување на активностите во континуитет, со поединечна парична субвенција од 10.000,00 (десетилјади) денари, преку објава на Јавен повик, со цел поттикнување развој на традиционалните занаети во градот Скопје.

**3. Пријавување на интерес за користење на локации со поставени тезги и киосци во сопственост на Град Скопје, или користење на локации со тезги изработени од корисниците согласно даден проект од Град Скопје**

Преку оваа активност ќе се изврши избор и доделување на тезги и киосци во сопственост на Град Скопје за изложување и продажба на книги, ракотворби, костени, семки, пченки, вода и слично, согласно усвоената Програма за поставување монтажно-демонтажна урбана опрема-киосци и тезги на подрачјето на Град Скопје за период 2022-2026 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.07/2022), преку објава на Јавен повик и склучување на договори.

**Вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на приоритетната област 2 изнесува 4.300.000,00 (четиримилиониитристаилјади) денари, односно активностите од точка 1, се предвидени средства во Програма Г1, ставка 426 во износ од 4.000.000,00 денари и активностите од точка 2, се предвидени средства во Програма Г1, ставка 464 во износ од 300.000,00 денари.**

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - 3

**Општа цел**

- ***Развој, промоција, поддршка и унапредување на туризмот и угостителството на подрачјето на град Скопје***

**Специфични цели:**

- Развој и унапредување на туризмот и угостителството и зголемување на квалитетот на туристичко-угостителските услуги;
- Поттикнување и промоција на градот Скопје како атрактивна туристичка дестинација;
- Реализација на активности и проекти во рамки на Стратегијата за развој на туризмот во Град Скопје за период 2024-2027 година;
- Промоција на спортско-рекреативен туризам на планината Водно;
- Зголемување на рибниот фонд на реката Вардар и реката Треска, заштита на македонската ендемска пастрмка и крап и поттикнување на спортскиот риболов;
- Промоција на градот Скопје преку туристичко-промотивни материјали;
- Промоција на градот Скопје со лиценциран туристички водич;
- Општа туристичка пропаганда и информативна дејност, како и подобрување на условите и услугите за престој на туристите во градот.

**Планирани активности за реализирање на приоритетна област 3**

1. **Финансирање на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството, преку објава на Јавен повик;**

Преку реализација на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството ќе се поттикне туристички раст и промоција на Град Скопје како атрактивна и привлечна туристичка дестинација за забава, со музички содржини, промовирање на традиционалната кујна и стимулирање на угостителите кон квалитетна и извонредна услуга.

За реализација на активноста ќе се реализираат следните фестивали, настани и манифестации:

- **"Стрит фуд фестивал" (Street food Festival)** – на оваа манифестација ќе се промовира современата улична храна која е катализатор за економскиот и социо-културен раст, на која ќе се презентираат различни видови улична храна со богата музичка содржина**;**

- **"Најдобар угостителски објект" -** можност за сондирање на квалитетот на услугите во угостителските објекти, подигнување на услугата и квалитетот кон клиентите и квалитетот на услугата во угостителската дејност на ниво на градот Скопје, со цел да се стимулираат угостителите за унапредување на услугите;

- **"Фестивал Скопје градот убав"** – овој фестивал на посетителите ќе им понуди нови содржини и нов вид забава, со што ќе се збогати и

разновидноста на туристичката програма на главниот град за сите возрасни категории;

- **“Новогодишен Базар”** – овој настан ќе обезбеди разновидни содржини во предновогодишната еуфорија за време на кој ќе има поставено репрезентативно продажни куќички- пултови на кои ќе се презентираат и /или продаваат новогодишни производи и производи на ракотворци;

- **“Фестивал на современа, експериментална и урбана музика”** – овој фестивал претставува сублимат на модерна и традиционална светска музика;

- **“Фестивал на интернационална музика”** – на овој фестивал ќе учествуваат вокални изведувачи, инструменталисти и бендови од светски рамки, а целта е вмрежување на нашата култура и музика со модерната и традиционалната музика од светот.

### 2. Одржување на планински велосипедски патеки на планината Водно

Преку оваа активност ќе се обезбеди редовно одржување на квалитетот на планинските велосипедски патеки, санација и подобрена пристапност и безбедност за корисниците на велопатеките на планината Водно, за рекреација и одржување на спортски настани, преку склучување на Договор со институции чиј основач е Град Скопје.

### 3. Реализација на активности од Акциски план од Стратегија за развој на туризмот во Град Скопје за период 2024- 2027 година

Преку оваа активност, Секторот за локален економски развој учествува со сопствени средства за реализирање на акцискиот план и поефикасно реализирање на проектите кои се планирани во 4- годишниот период од областа на туризмот, како и во соработка со други сектори во Град Скопје и други релевантни институции ќе реализира активности кои се предвидени во стратешкиот документ во кој се утврдени стратешките цели и приоритети на Град Скопје од областа на туризмот, за 2025 година.

### 4. Порибување реки и езера

Оваа активност вклучува порибување на водите на реката Вардар и Треска со македонска ендемска пастрмка и крап со цел зголемување на бројноста на популацијата, како и овозможување на високо квалитетен рекреативен и спортски риболов, подигање на свеста кај јавноста, како и развој на еколошки туризам.

### 5. Организирање на туристички разглед на Скопје

Преку оваа активност ќе се организира бесплатен туристички разглед на градот Скопје за сите заинтересирани и тоа со лиценцирани туристички водичи во соработка со Асоцијации/Здруженија на туристички водичи и придружници, преку објава на Јавен повик, а со цел афирмација на градот и привлекување на што поголем број на посетители и туристи.

6. **Печатење на редизајниран туристичко-промотивен материјал**

Печатење на редизајниран туристичко-промотивен материјал за градот Скопје како законска обврска, со цел запознавање на туристите со убавините и знаменитостите на градот и привлекување на странски туристи кој ќе се дистрибуира на сите хотелски и туристичко-угостителски објекти во соработка со Сектор за општи работи.

**Вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на приоритетната област 3 изнесува 3.650.000,00 (тримилиониишестотиниипедесетилјади) денари, односно активностите од точка 1, се предвидени средства во Програма Г2, ставка 426 во износ од 3.000.000,00 денари, активностите од точка 2, се предвидени средства во Програма Г2, ставка 424 во износ од 300.000,00 денари, активностите од точка 3, се предвидени средства во Програма Г2, ставка 425 во износ од 200.000,00 денари, активностите од точка 4, се предвидени средства во Програма Г2, ставка 464 во износ од 100.000,00 денари, активностите од точка 5, се предвидени средства во Програма Г2, ставка 425 во износ од 50.000,00 денари.**

## V. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Градоначалникот се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма преку Секторот за локален економски развој, во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки, како и во договор со институциите чии основач е Град Скопје.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Град Скопје".

Број _________
________ 2024 година

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Трајко Славески**

________________________

**О б р а з л о ж е н и е**

Правниот основ за донесување на Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2025 година е член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/04 и 158/11). Спроведувањето на активностите од областа на локалниот економски развој произлегува од надлежности кои се утврдени во конкретните правни прописи, и тоа: Законот за такса за привремен престој, Закон за туристичката дејност, Законот за угостителската дејност и Закон за занаетчиство.

Активностите во Програмата од областа на локалниот економски развој на подрачјето на град Скопје за 2025 година, се во рамките на три приоритетни области:

Во првата приоритетна област - Развој, промоција, поддршка и унапредување на малите и средни претпријатија, претприемништвото и иновациите на подрачјето на град Скопје ќе се финансираат програмските активности (проекти) на мали и средни претпријатија, со цел поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

Исто така, ќе се обезбеди финансиска поддршка на актуелните и потенцијалните жени претприемачи, со цел градење на политики за поддршка на жените претприемачи, заради нивно општествено и економско зајакнување и финансиска независност, преку објава на јавни повици, кофинансирање на локални партнерства за вработување за креирање на работна сила креирање на работна сила и сголемување на вработеноста, како и организирање на деловен форум со цел промовирање на градот Скопје како атрактивна инвестициска дестинација за привлекување на домашни и странски инвеститори.

Втората приоритетна област - Развој, промоција, поддршка и унапредување на занаетчиството и трговијата на подрачјето на град Скопје опфаќа мерки и активности за финансиска поддршка на дефицитарните занаетчии и занаети во изумирање, кои се дел од нашата култура и традиција и кои легално ја вршат занаетчиската дејност. Воедно, ова е поттик, нерегистрираните занаетчии да ја регистрираат својата дејност.

Исто така, во рамки на оваа област се предвидува организирање на многубројни настани и манифестации заради промоција на спецификите на скопскиот регион.

Третата приоритетна област - Развој, промоција, поддршка и унапредување на туризмот и угостителството на подрачјето на град Скопје предвидува разновидна туристичка понуда и содржини, и тоа преку финансирање на фестивали, настани и манифестации за промовирање на град Скопје како атрактивна туристичка дестинација, подобрување на условите за престој на туристите и квалитетот на туристичко-угостителските услуги, репринт на туристичко- промотивен материјал, порибување реки и езера во Скопје, организирање на туристички разглед на градот и промоција на спортско-рекреативниот туризам и подобрена пристапност и безбедност на патеките на планината Водно.

Оваа Програма предвидува и реализација на активности од Акцискиот план од Стратегијата за развој на туризмот во Град Скопје за период 2024- 2027 година, како и Стратегијата за негување и развој на дефицитарните занетчии и занаети во изумирање во Град Скопје за период 2024- 2027 година.

**Средствата за финансирање на Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2025 година се утврдуваат во износ од 9.650.000,00 денари и ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје за 2025 година**.

Согласно горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма на активностите од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2025 година.